**20121243046**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11 и 74/12), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРОМЕНА НА БРОЈОТ И ВИДОТ НА АВТОМАТИТЕ И МАСИТЕ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА ВО КАЗИНО

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за промена на бројот и видот на автоматите и масите за игри на среќа во казино.

Член 2

Барањето за промена на бројот и видот на автоматите и масите за игри на среќа во казино се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-31448/1
13 септември 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**БАРАЊЕ**
**за промена на бројот и видот на автоматите и масите за игри на среќа во казино**

Од______________________________________________________
(назив на трговското друштво подносител на барањето)

______________________________________________________
(седиште на трговското друштво подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам, согласно рокот утврден во член 65 став (5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри да постапите по барањето за промена на бројот и видот на автоматите и масите за игри на среќа во казино, за што во прилог на ова барање ги доставувам документите пропишани со член 65 ставови (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Датум и место

Подносител на барањето
__________________________